К-95/14

**ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА!**

**ОСНОВНИОТ СУД ТЕТОВО**,како првостепен кривичен суд, со судијата **ЈОРДАН ВЕЛКОВСКИ** - како судија поединец и записничарот **АНГЕЛИНА БОЖИНОВСКА** , одлувачувајќи по обвинителениот предлог на ОЈО-Тетово КО.бр.809/13 год . од 19.02.2014 год. против обвинетиот **ИБРАИМ ЌАЗИМИ од Тетово** за кривичното дело **ПОСЕБНИ СЛУЧАИ НА ФАЛСИФИКУВАЊЕ ИСПРАВИ по чл.379 ст.1 т.1 в.в.со чл. 378 ст.1 од КЗ**,по одржаната главена ,јавна и усмена расправа во присаство на јавниот обвинител Дејана Дембовска, полномошникот на оштетениот -адвокат Љупчо Симоски, бранителот на обвинетиот -адвокат Ајет Мехмети и обвинетиот , **на ден 23.06.2014 год**. ја донесе и јавно објави следната:

**ПРЕСУДА**

**ОБВИНЕТИОТ:**

**ИБРАИМ ЌАЗИМИ** од татко Сулејман и Алиме ,роден 05.04.1967 год.во Тетово, каде и живее Албанец, државјанин на РМ и Р. Швајцарија со завршено високо образование, разведен, татко на две деца, на времена работа во Швајцарија, неосудуван,

**ВИНОВЕН Е**

**ЗАТОА ШТО:**

Во период од 17.06.2013 год. до 03.12.2013 год. во Тетово , хартијата на која друго лице го ставило својот потпис , неовластено ја пополнил со изјава што е од значење за правните односи на начин што , на парчето хартија во А3 формат на кое бил проектиран цртеж во основа на изградба на зграда , на која хартија покрај неговиот потпис, потпис ставило и друго лице во процес на вон судското спогодување на ден 17.06.2013 год,со што дефинирале по согласност неколку позиции , во наредниот период неовластено ја преправил оргиналната исправа ,со изјава :,, ПС спогодба ,, ; приземје = 52.5,I спрат = 52.5, II спрат = 52.5, надополнувајќи ја спогодбата со уште еден дуќан и еден стан во друга зграда кои ќе се градат т.е. комплет приземје,, изјава од значење за правните односи, па вака преправената исправа ја употребил како вистинска во правниот сообраќај по парничниот предмет П4 74/13 на Основниот суд Тетово.

-Со кое десјтвие го сторил кривичното дело **ПОСЕБНИ СЛУЧАИ НА ФАЛСИФИКУВАЊЕ ИСПРАВИ по чл.379 ст.1 т.1 в.в.со чл. 378 ст.1 од КЗ.** ,

Согласно овој член и членовите:33,38 и 39 од КЗ, се :

**ОСУДУВА**

На парична казна во износ од **50 ДНЕВНИ ГЛОБИ.**

Вредноста на една дневна глоба ќе изнесува **5 ЕВРА** во денарска противредност или вкупно на **250 ЕВРА** во денарска противвредност од **15.370,00 денари.**

Паричната казна да ја плати во рок од еден месец по правосилноста на пресудата ,со тоа што доколку не ја плати ќе се изврши присилно, а доколку не

може да се изврши и присилно ќе се замени со затвор ,така што за секоја дневна глоба ќе се определи еден ден затвор,со тоа што затворот не може да биде подолг од 6-Шест месеци.

**ДА ПЛАТИ**

На име кривичен паушал, сума од **2000 денари**, во рок од 30 дена по правосилноста на пресудата.

На оштетениот Дашмир Алиjи на име трошоци на постапката сума во износ од 13.950 денари во рок од 30 дена по правосилнсота на пресудата.

Оштетениот Дашмир Алиjи од с.Пороj за своето оштетно побарување се упатува на граѓански спор.

**О б р а з л о ж е н и е**

Со обвинителен предлог на ОЈО-Тетово КО.бр.809/13 год . од 19.02.2014 год. обвинет е ИБРАИМ ЌАЗИМИ од Тетово за крвичното дело ПОСЕБНИ СЛУЧАИ НА ФАЛСИФИКУВАЊЕ ИСПРАВИ по чл.379 ст.1 т.1 в.в.со чл. 378 ст.1 од КЗ.

Постапувајќи по обвинението,судот одржа главна расправа на ден 20.06.2014 год. во присаство на јавниот обвинител Дејана Дембовска, полномошникот на оштетениот -адвокат Љупчо Симоски, бранителот на обвинетиот -адвокат Ајет Мехмети и обвинетиот.

Застапникот на обвинението по извршеанта измена , во својот завршен збор побара обвинетиот да биде огласен за виновен за делото за кое се товари и казнет по закон.

Полномошникот на оштетениот го подржа барањето на застапникот на обвинението барајќи исто така , обвинетиот да биде огласен за виновен за делото за кое се товари и казнет по закон.

Обвинетиот лично и преку својот бранител побара да биде ослободен од обвинение поради тоа што во неговите дејствија не се содржани елеменетите на наведеното кривично дело .

Од изведените докази на главната расправа , ценејќи го секој доказ поединечно и во склоп на целина, судот ја утврди фактичката состојба наведена во диспозитивот на пресудата , врз основа на следното:

**Фактот** дека на ден 17.06.2013 год. обвинетиот Ибраим и лицето Дашмир Алији сочиниле и потпишале оргинална исправа - парче хартија во А3 формат на кој бил проектиран цртеж во основа на изградба на зграда со дефинирани позиции , **не е спорен**.

Ваквата околност ја признаваат и двајцата .

Независно еден од друг ,потврдуваат дека на 17.06.2013 год.постигнале вон судска спогодба , со тоа што договореното како содржина го запишале на парче хартија А3 формат и на кое покрај дефенираните неколку позиции го прикажале и проектираниот цртеж во основа на изградба на зграда ,дека вака пополнетата хартија лично ја потпишале и дека секој од нив задржал по еден оргинален примерок како основ за подоцнежното регулирање на нивните воспоставени правни односи во врска со договореното.

Вака изнесените наводи во целост се поткрепени со постоењето на **самата исправа - хартијата во А3 формат со проектираниот цртеж,**во превод на македонски јазик ( без ,,П.С,,) нотарски заверена под УЗП 2562/2014 год.од 28.03.2014 год. - од која се утврдува дека истата е сочинета на ден 17.06.2013 год.помеѓу обвинетиот и оштетениот Дашмир Алији ,дека покрај прокетираниот цртеж во основа на изградба на зграда се дефинирани и неколку меѓусебни позиции на двајцата за давање и земање на недвижност и дека своерачно оваа сочинета исправа е потпишана и од едниот и од другиот .

**Фактот** ,дека обвинетиот во периодот од 17.06.2013 год.до 3.12.2013 год. ваквата оргиналната исправа неовластено ја преправил ,со тоа што ја надополнил со додадена содржина под ,, П.С,, исто така **не е спорен**.

Обвинетиот ја признава и ваквата околност .

Потврдува дека лично ја преправил претходно сочинетата исправа, со тоа што своерачно ја пополнил ,додавајќи нова содржина под ,,П.С,, на десната бочна страна од листот хартија , без претходно да му најави на Дашмир Алији и да побара негова согласност за додадената содржина .

Признанието на обвинетиот во овој дел, во целост е поткрепено со самата **исправа - хартијта во А3 формат со проектираниот цртеж и со додадена изјава ,,П.С,,** во превод на македонски јазик ( во оргинал содржана во списите на предметот П4- 74/13 ) - од која се утврдува дека навистина, за разлика од оргиналната исправа , на нејзината бочна десна страна е допишана изјава под ,,П.С,, со содржина **,,приземје = 52.5,I спрат = 52.5, II спрат = 52.5, надополнувајќи ја спогодбата со уште еден дуќан и еден стан во друга зграда** и исказот на **сведокот - оштетениот Дашмир Алији даден на главната расправа одржана на 17.06.2014 год.**-во кој категорички наведува дека на неутврдено време после 17.06.2013 год.и постигнатата вон судска спогодба ,во период до 03.12.2012 год. била преправена претходно сочинетата и потпишана од негова страна оргиналната исправа без негово знаење и согласност и дека на тој начин е изменета претходно договорената вон судска спогодба на негова штета.

Не е спорен ни **фактот** ,дека вака преправената исправа обвинетиот ја употребил како вистинска , во правниот сообраќај , во парничниот предмет П4-74/13 на Основниот суд Тетово .

Обвинетиот ја признава и ваквата околност.

Признава дека преправената исправа лично ја доставил во судот, повикан како сведок , во граѓанскиот предмет оформен по тужба на неговиот татко Сулејман против тужениот дашмир Алији за поништување на нивниот претходно склучен договор за купопродажба на недвижност.

Признанието на обвинетиот и во овој дел е поткрепено со останатите докази **- нотарскиот акт ОДУ.бр.373/12 од 18.06.2012 год.**- од кој се утврдува дека помеѓу таткото на обвинетиот ,Сулејман Ќазими и лицето Дашмир Алији е склучен и нотарски заверен под горниот број договор за продажба на недвижен имот; **потврдата за привремено одзмени предмети бр 32.3.3 од 4.10.2013 год**. - од која се утврдува дека нотарскиот акт заедно со останатите списи ОДУ.бр.373/12 од 18.06.2012 год. биле привремено одземени со потврда за привремено одземени предмети и **списите на предметот П1 бр. 557/12 сега П4 -74/13 год**.- од кои се утврдува дека ,пред основниот суд Тетово е оформен граѓански предмет П1 557/12 со нова бројка П4 74/13 по тужба на тужителот Сулејман Ќазими - татко на , обвинетиот , против тужениот Дашмир Алији од с. Порој со основ -поништување на заверен договор за купопродажба ОДУ 373/12 од 18.06.2012 год, дека обвинетиот бил повикуван како сведок во оваа постапка ,дека бил присатен на усната главна расправа одржана на 04.09.2013 год.и лично ја доставил до судот преправената оргинална исправа со пополнетата изјава под ,,П.С,, во оргинал , дека повторно присаствувал на усната главна расправа одржана на 03.10.2013 год. кога претходно дадениот доказ е доставен во превод на македонски јазик и дека токму оваа надополнета и преправена исправа е изведена како доказ од страна на судот во доказната постапка спроведена на усната главна расправа одржана на 14.01.2014 год.

Доказите се јасни,прецизни меѓусебно се потврдуваат и надополнуваат ,даваат една логична целина , па затоа судот и ги прифати во целост а со самото тоа смета дека и фактичката состојба наведена во диспозитивот на пресудата е целосно утврдена и докажана.

Судот ги ценеше завршените зборови на обвинетиот и неговиот бранител во делот на наводите дека предметниот лист од хартија со дополнителната содржина не можел да претстува основ за остврување на било какво право на оштетениот и дека со самото тоа во дејствиата на обвинетиот не се содржани елемнетите на делото што му се става на товар ,но смета дека истите се во спротивност на изведените докази ,непоткрепени со ниту еден друг доказ предложен од нивна страна , а со самото тоа и неосновани.

Како што беше погоре наведено, преправената исправа обвинетиот свесно ја употребил како вистинска во горе наведениот граѓански предмет и токму заради регулирање на правните односи помеѓу неговиот татко и Дашмир Алији и токму заради недвижниот имот кој што бил предмет на вон судско спогодување помеѓу обвинетиот и Дашмир Алији кога е сочинета и потпишана оргиналната исправа на 17.06.2013 год.

Впрочем зошто обвинетиот и би го приложил овој лист хартија -А3 формат со проектираниот цртеж и дополнителниот текст, како доказ ,ако истиот не би бил од влијание за правните односи во врска со спорот на неговиот татко и со цел за поништување на нотарски заверениот договор за купопродажба ОДУ 373/12 од 18.06.2012 год.

Спротивното не произлегува ниту од нив предложените докази - парничниот предмет П1.бр.74/13 - од чија содржина произлегува дека истиот се оденсува на сосема други странки и на утврдување на право на сопственост на други лица кој немат допирни точки со предметот П1 557/12 -сега П4.бр.74/13 и преметот КО.бр.205/14 -од кој се утврдува дека по поднесена кривична пријава на таткото на обвинетиот Сулејман Казими Основното јавно обвинителство Тетово има донесено решение со кое се отрфла кривичната пријава против Дашмир Алији за кривичното дело Измама по чл.247 ст.4 од КЗ а заради склучениот договор за купопродажба ОДУ.бр.373/12 од 18.06.2013 год.

Поради наведеното,судот смета дека вака изнесените наводи на обвинетиот се со цел да се избегне односно намали кривичната одговорност на обвинетиот, па затоа и не ги прифати .

Врз основа на вака утврдентие факти , судот со сигурност смета дека во дејствиата на обвинетиот се содржани сите елеменети на кривичното дело ПОСЕБНИ СЛУЧАИ НА ФАЛСИФИКУВАЊЕ ИСПРАВИ по чл.379 ст.1 т.1 в.в.со чл. 378 ст.1 од КЗ ,со тоа што хартијата на која друго лице ставило свој потпис , неовластено ја пополнил со изјава што е од значење за правните односи ,па затоа и го огласи за виновен за ова кривично дело осудувајќи го на парична казна во износ од 50 дневни глоби со поединечна вредност од 5 евра или вкупно на 250 евра во денарска противредност од 15.370,00 денари.

При одмерување на видот и висината на казната ,судот ги ценеше сите околности предвидени во чл.39 од КЗ, па како отежителни ги зеде видот и карактерот на кривичното дело , степенот на одговорноста на обвинетиот и мотивот за сторување на делото а како олеснителни - коректното однесување на обвинетиот пред судот , даденото признание и неговата досегашна неосудуваност, па смета дека и со една ваква казна ќе бидат постигнати целите на казнување предвидени во чл.32 од КЗ.

Воедно судот го задолжи на име кривичен паушал да плати 2000 денари како и трошоци на постапката на оштетениот Дашмир Алији од 13.950,00 денари , (награда за полномошникот на оштетениот) сето во рок од 30 дена по правосилноста на пресудата.